# Образложение за Одлука за измени и дополнувања на Буџет на општина Кратово за 2019 година

Со оваа Одлука се врши измени и дополнувања (втор ребаланс) на Буџетот на општина Кратово за 2019 година. Измените кои се наведени подолу во текстот се однесуваат на измените кои се направени после Одлуката за измени и дополнување (прв ребаланс) на Буџетот на општина Кратово бр. 09-1219/1 донесена на 26.07.2019 година

- **Во приходниот дел се вршат следните измени:**

**1. Во основниот буџет** на ставка 713 – Даноци на имот се намалува за 100.000,00 денари (намален заради помала наплата на Данок на наследство и подарок ). Кај ставка 717 – Даноци на специфични услуги планираниот приход се зголемува за износ од 840.000,00 денари. Ставка 722 – Глоби, судски и административни такси се намалува за износ од 130.000,00 денари. Ставка 725 – Други неданочни приходи се намалува за износ од 71.700,00 денари. Ставка 733 – Продажба на земјиште и нематеријални вложувања се намалува за износ од 938.000,00 денари. Ставка 741 – Трансфери од други нивоа на власт се намалува за износ од 13.175.068,00 денари, намалувањето кај оваа ставка е врз основа на допис од Министерство за финансии бр. 05-1655/1 од 25.10.2019 година со кое износот на дотација за ДДВ се намалува за износ од 640.326,00 денари и намалување на капиталните трансфери на ниво на склучени договори и добиени Решенија.

**2. Во буџетот на дотации** износот на ставка 741 - Трансфери од други нивоа на власт врз основа на допис од Министерство за финансии бр. 05-1655/1 од 25.10.2019 година се зголемува за износ од 2.157.132,00 денари.

**3. Во буџетот на самофинансирачки активности** нема измени во приходните ставки.

- **Во расходниот дел се вршат следните измени:**

**1. Во основниот буџет во програмата А0 - Совет на општина** ставка 401 – Основни плати се зголемува за 10.000,00 денари, ставка 404 – Надоместоци се зголемува за 10.000,00 денари, ставка 420 – Патни и дневни расходи се намалува за 50.000,00 денари поради нереално планиран трошок, ставка 452 – Каматни плаќања се намалува за 15.000,00 денари.

**2. Во основниот буџет во програмата Д0 – Градоначалник** ставка 420 – Патни и дневни расходи се намалува за 20.000,00 денари, ставка 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се намалува за 40.000,00 денари.

**3. Во основниот буџет во програмата Е0 – Општинска администрација** поради неодобрен план за вработување ставки 401 – Основни плати и 402 – Придонеси за социјално осигурување се намалуваат за вкупен износ од 3.733.300,00 денари, ставка 420 – Патни и дневни расходи се намалува за износ од 30.000,00 денари, ставка 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се намалува за 86.000,00 денари, ставка 423 – Материјали и ситен инвентар се намалува за 10.000,00 денари, ставка 424 – Поправки и тековно одржување се намалува за 20.000,00 денари, ставка 425 – Договорни услуги се зголемува за износ од 5.000,00 денари, и ставка 426 – Други тековни расходи се намалува за износ од 40.000,00 денари. Во оваа програма се врши прераспределба на тековните оперативни трошоци на

општината врз основа на реализираните трошоци и планираните трошоци во наредниот период.

**4. Во основниот буџет во програмата ЕА – Капитални трошоци на општината** ставката 481 – Градежни објекти се намалува за износ од 350.000,00 денари.

**5. Во основниот буџет во програмата Ф1 – Урбанистичко планирање** ставката 425 – Договорни услуги се намалува за 50.000,00 денари.

**6. Во основниот буџет во програмата Ј3 – Јавно осветлување** ставка 421 – Комунални услуги, греење комуникација и транспорт се намалува за износ од 100.000,00 денари и ставка 423 – Материјали и ситен инвентар се намалува за 200.000,00 денари.

**7. Во основниот буџет во програмата Ј6 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот** ставката 423 – Материјали и ситен инвентар е намалена за износ од 400.00,00 денари

**8. Во основниот буџет во програмата Ј7 – Одржување и користење на паркови и зеленило** ставка 424 – Поправки и тековно одржување е зголемена за 20.000,00 денари.

**9. Во основниот буџет во програмата Ј8 – Други комунални услуги** ставка 424 – Дезинфекција, дезинсекција и дератизација се намалува за износ од 210.000,00 денари.

**10. Во основниот буџет во подпрограмата ЈД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** ставка 482 – Други градежни објекти е намалена за износ од 1.500.000,00 денари.

**11. Во основниот буџет во во подпрограмата ЈДЕ – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици – Развојна програма** ставка 482 – Други градежни објекти е намалена за износ од 6.613.968,00 денари.

**12. Во основниот буџет во програмата К4 – Културни манифестации и творештво** ставката 425 – Договрни услуги е зголемена за 10.000,00 денари и ставка 464 – Разни трансфери е зголемена за 100.000,00 денари.

**13. Во основниот буџет во програмата Њ0 – Противпожарна заштита** ставка 420 – Патни и дневни расходи се намалува за износ од 10.000,00 денари, ставка 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се зголемува за 4.500,00 денари, 423 – Материјали и ситен инвентар е намалена за износ од 150.00,00 денари, ставка 424 – Поправки и тековно одржување се намалува за 230.000,00 денари, ставка 425 – Договорни услуги се намалува за износ од 25.000,00 денари, ставка 426 – Други теквни расходи се намалува за 20.000,00 денари и ставка 464 – Разни трансфери заради судски спорови е зголемена за 200.000,00 денари.

- **Програма К2 – Музичка и сценско – уметничка дејност – Дом на култура „Лазар Софијанов“ Кратово се вршат следните измени:**

**1. Во приходниот дел на буџетот на дотации** ставка 741 – Трансфери од други нивоа на власт врз основа на допис од Министерство за финансии бр. 05-1655/1 од 25.10.2019 година се зголемува за износ од 273.566,00 денари.

**2. Во расходниот дел на буџетот на дотации** ставка 42 Плати и надоместоци се зголемува за 250.000,00 денари, ставка 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се зголемува за 19.000,00 денари, ставка 423 - Материјали и ситен инвентар е зголемена за 7.000,00 денари, ставка 425 – Договорни услуги се намалува за 10.000,00 денари, ставка 426 – Други тековни расходи се зголемува за 7.566,00 денари.

- **Програма К3 – Музејска и кинотечна дејност – Музеј на град Кратово се вршат следните измени:**

**1. Во приходниот дел на буџетот на дотации** ставка 741 – Трансфери од други нивоа на власт врз основа на допис од Министерство за финансии бр. 05-1655/1 од 25.10.2019 година се зголемува за износ од 173.566,00 денари.

**2. Во расходниот дел на буџетот на дотации** ставка 42 Плати и надоместоци се зголемува за 150.000,00 денари, ставка 423 – Материјали и ситен инвентар се зголемува за 23.566,00 денари.

- **Програма Н1 – Основно образование – ООУ „Кочо Рацин“ Кратово се вршат следните измени:**

**1. Во приходниот дел на буџетот на дотации** нема измени.

**2. Во расходниот дел на буџетот на дотации** ставка 425 – Договорни услуги се зголемува за 40.000,00 денари, ставка 426 – Други тековни расходи се зголемува за 5.000,00 денари, ставка 464 – Разни трансфери се намалува за 345.000,00 денари ставка 480 – Купување на опрема и машини се зголемува за 200.000,00 денари и кај ставка 483 – Купување на мебел се зголемува за 100.000,00 денари.

**3. Во приходниот дел на буџетот на самофинансирачки активности** нема измени.

**4. Во расходниот дел на буџетот на самофинансирачки активности** нема измени.

**3. Во приходниот дел на буџетот на донации** ставка 741 – донации од странство се намалува за 80,00 денари поради курсни разлики.

**4. Во расходниот дел на буџетот на донации** ставка 420 – Патни и дневни расходи се зголемува за 1.000,00 денари, ставка 423 – Материјали и ситен инвентар се зголемува за 10.000,00 денари, ставка 425 – Договорни услуги се намалува за 11.080,00.

- **Програма Н2 – Средно образование – СОУ „Митко Пенџуклиски“ Кратово се вршат следните измени:**

**1. Во приходниот дел на буџетот на дотации** ставка 741 – Трансфери од други нивоа на власт врз основа на допис од Министерство за финансии бр. 05-1655/1 од 25.10.2019 година се зголемува за износ од 1.600.000,00 денари.

**2. Во расходниот дел на буџетот на дотации** ставка 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се зголемува за 50.000,00 денари, ставка 423 – Материјали и ситен инвентар се зголемува за 350.000,00 денари, ставка 424 – Поправки и тековно одржување се

зголемува за 20.000,00 денари, ставка 425 – Договорни услуги се зголемува за 440.000,00 денари, ставка 426 – Други тековни расходи се зголемува за 5.000,00 денари, ставка 480 – Купување на опрема и машини се зголемува за 355.000,00 денари, ставка 483 – Купување на мебел се зголемува за 380.000,00 денари.

**3. Во приходниот дел на буџетот на самофинансирачки активности** нема промени.

**4. Во расходниот дел на буџетот на самофинансирачки активности** износот кај ставка 423 – Материјали и ситен инвентар се намалува за 10.000,00 денари, ставка 424 – Поправки и тековно одржување се намалува за 6.000,00 денари, ставка 425 – Договорни услуги се зголемува за 50.000,00 денари. **Програма НБ – Капитални расходи за средно образование** износот на ставката 480 – Купување на опрема и машини се намалува за 34.000,00 денари.

- **Програма В1 – Детски градинки – ЈОУДГ „Царка Андреевска“ Кратово се вршат следните измени:**

**1. Во приходниот дел на буџетот на дотации** ставка 741 – Трансфери од други нивоа на власт врз основа на допис од Министерство за финансии бр. 05-1655/1 од 25.10.2019 година се зголемува за износ од 110.000,00 денари.

**2. Во расходниот дел на буџетот на дотации** ставка 426 – Други тековни расходи се зголемува за 50.000,00 денари, ставка 480 – Купување на опрема и машини се зголемува за 60.000,00 денари.

**3. Во приходниот дел на буџетот на самофинансирачки активности** нема измена.

**4. Во расходниот дел на буџетот на самофинансирачки активности** нема измена.

Со почит,

**Општина Кратово**
**Градоначалник**
**д-р Љупчо Бојаџиев**

---

Изработил: Елена Досева____
Лимонка Ѓеоргиева____
Одобрил: Радмила С. Китанова ____